МРЕЖА 23

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

**ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОЕКТОТ МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I И СКОПЈЕ II**

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Скопје, Мај 2017 година

Проектот е имплементиран во рамки на проектот „МРЕЖА 23+“, спроведен од Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.

“Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на документот е одговорност на Коалиција Сите за правично судење и во никој случај не може да се смета дека го изразува ставот на Европската Унија.”

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ


| | |
|---|---|
| Издавач: | Коалиција на здруженија на граѓани<br>„Сите за правично судење“<br>Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: +389 2 6139874<br>E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk<br>Web: www.all4fairtrials.org.mk<br>Web: www.otvorenosudstvo.org.mk<br>Fbk: facebook.com/all.for.fair.trials<br>Twitter: @All4FairTrialsM |
| За издавачот: | д-р Мирјана Иванова Бојаџиевска,<br>претседателка |
| Автор: | адв. Натали Петровска<br>доц. д-р Бобан Мисоски |
| Уредник: | Натали Петровска,<br>в.д. извршна директорка |
| Имплементатор: | Коалиција „Сите за правично судење“ |
| Соработници: | Натали Петровска,<br>проектен координатор<br>Даниел Митковски,<br>проектен асистент<br><br>Илина Вељановска<br>Дарко Аврамовски<br>Елена Наковска<br>Фахри Сали<br>набљудувачи |
| Дизајн и подготовка: | Владимир Славковски |
| Тираж: | Електронска публикација |

## СПИСОК НА НАЈЧЕСТО УПОТРЕБУВАНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права и основни слободи |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КЗ | Кривичен законик |
| МПГПП | Меѓународен пакт за граѓански и политички права |
| ООН | Организација на Обединетите Нации |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОС | Основен суд |
| РМ | Република Македонија |

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД.....1
2. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА.....3
2.1. ЦЕЛ.....3
2.2. МЕТОДОЛОГИЈА.....3
3. МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ СТАНДАРДИ.....5
3.1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ.....5
3.2. ПРАКСА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА.....6
3.3. ДОМАШНИ СТАНДАРДИ.....11
4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ 13
4.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ.....13
5. СТАНДАРДИ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ.....15
5.1. ОПШТО ЗА СТАНДАРДИТЕ.....15
5.1.1. Право на пристап до суд и правда.....15
5.1.2. Независен и непристрасен суд.....16
5.1.3. Судење во разумен рок.....16
5.1.4. Еднаквост на оржјата.....17
5.1.5. Право на јавно судење.....18
5.1.6. Пресумпција на невиност.....19
5.1.7. Права на обвинетите лица.....19
5.1.8. Право на жалба.....20
5.2. ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ.....20
5.2.1. Право на независен и непристрасен суд.....21
5.2.2. Навременост – судење во разумен рок;.....23
5.2.3. Јавност.....25
5.2.4. Претпоставка на невиност.....26
5.2.5. Еднаквост на оружјата.....29
5.2.6. Почитување на минималните права на одбраната.....30
5.2.7. Право на жалба.....35

5.3. ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО ГРАЃАНСКИТЕ ПОСТАПКИ ..... 36
6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 40
6.1. ЗАКЛУЧОЦИ ..... 40
6.2. ПРЕПОРАКИ ..... 42
7. АНЕКСИ ..... 44
7.1. Набљудувани предмети во Основен Суд Скопје I - Скопје ..... 44
7.2. Набљудувани предмети во Основен Суд Скопје II - Скопје ..... 47
8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: ..... 48
9. МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ ДОКУМЕНТИ И СТАНДАРДИ ..... 49

# 1. ВОВЕД

Судството како трета власт покрај законодавната и извршната, е еден од столбовите на секоја демократска земја. Додека принципот на *checks and balances* функционира помеѓу законодавната и извршната власт, судството како независна и самостојна трета власт влијае и ја одржува демократската хармонија во една земја водејќи сметка за основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Во Република Македонија поради тековните случувања кои се поврзани со политичката криза која придонесе за назадување на статусот на земјата во евро - атлантските преговори огромно сомневање во судските процеси, изборите на судии и јавни обвинители, нерегуларни изборни процеси, медиумски мрак и слично, нужно е во овој процес кој е пред нас граѓанските организации да бидат уште повеќе насочени кон мониторирање на работата на институциите. Ова е особено наметнато со фактот дека Р.Македонија како земја со кандидатски статус за членство во Европската Унија мора да ги почитува европските вредности, а меѓу нив посебно се издвојува демократијата, еднаквоста и почитувањето на човековите права, како и владеењето на правото. Од овие причини е битно исполнувањето на суштинските стандарди за демократско владеење, обезбедување на транспарентноста во јавните прашања, гарантирањето на слободата на медиумите и борбата против корупцијата, како највисоки цели, но истовремено и борбата против политичката корупција како врвен приоритет во Р.Македонија. Во таа насока потребно е изнаоѓање на проактивни напори од страна на телата за спроведување, регулаторните и надзорните тела, но истовремено и политичка волја на останатите учесници со цел овозможување на извршување на функциите во целост.

Јавното мислење во Република Македонија и пред оваа политичка криза, во врска со работењето на правосудниот систем во земјата покажуваа загрижувачки резултати за (не) довербата на граѓаните во работата на македонскиот правосуден систем. Довербата на граѓаните во правосудството е неминовно нарушена, но сепак Република Македонија како членка на ООН, на Советот на Европа, и како кандидатка – земја на ЕУ задолжително мора да се придржува кон принципите и стандардите за фер и правично судење.

Со цел да се зголеми довербата на јавноста во правниот систем и да се идентификуваат проблемите во функционирањето на судскиот систем се наметнува потребата од континуирано спроведување на истражување во врска со имплементацијата на меѓународните стандарди за правично судење во рамки на работата на Основен суд Скопје I и Скопје II.

Од посебно значење е потребата од мониторинг на судски предмети во граѓанска постапка (посебно на оние предмети кои се од значење за поглавјето 23), од причина што поради помалата или скоро незабележителна актуелност на граѓанските спорови наспротив кривичните, граѓанските судови се оставени сами на себе во процесот на спроведување на правдата. Крикот за оваа потреба секојдневно доаѓа од многубројни граѓани кои бараат од Коалицијата Сите за правично судење да присуствува на нивните граѓански спорови.

# 2. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

## 2.1. ЦЕЛ

Основната цел на проектот е зголемување на довербата на јавноста во правниот систем и судството, преку идентификување на проблемите во судскиот систем, а истовремено и нагласување на потребата за правни и институционални реформи преку кои ќе се обезбеди поголемо почитување на стандардите за правично судење пред домашните судови како и запознавање на јавноста со стандардите за правично судење.

Проектот се спроведуваше на локално ниво, преку мониторинг на имплементација на стандардите за правично судење во рамки на работата на Основен суд Скопје I и Скопје II Скопје.

## 2.2. МЕТОДОЛОГИЈА

Предмет на анализира беше работата на Основен суд Скопје I и Скопје II, а посебно во делот на имплементација на меѓународните стандарди за правично судење преку спроведување на мониторинг на избран примерок од 80 судски предмети (60 кривични и 20 граѓански предмети) со цел да се испита примената на меѓународните стандарди за правично судење во текот на судската постапка.

Методологијата која ја користеше Коалицијата за прибирање на податоците од овие судења, за потребите на оваа анализа, се состоеше од користење на два метода: 1)мониторинг на судски постапки за време на нивното одржување, 2) систематизиран прашалник во кој по извршениот мониторинг се внесуваат забележаните податоци.

По изборот на конкретните предмети, 4 искусни набљудувачи на Коалицијата, од кои двајца со положен правосуден испит и двајца дипломирани правници, ги следеа овие предмети во периодот од месец јуни 2016 до јануари 2017. Иако штрајкот на судската администрација кој траеше 3 месеци делумно ја смени динамиката на мониторинг, особено во Основниот суд Скопје 2, Скопје, дваесетте предмети кои беа избрани за мониторинг беа следени во периодот од месец септември 2016 до месец јануари 2017г., додека пак кривичните постапки се одвиваа непречено и покрај овој штрајк. Идентификувањето на евентуалните пропусти, недоследности и начинот на имплементација на стандардите за правично судење, се одвиваше преку непосредно забележување на сите дејствија во постапката од страна на професионалните набљудувачи.

Вториот метод кој се користеше-систематизиран прашалник, беше подготвен за потребите на овој проект, па така истиот беше креиран во

зависност од областа која што беше предмет на мониторинг. За кривичните предмети беше составен прашалник кој во себе содржеше 75 прашања кои се однесуваа на Законот за кривична постапка, додека пак за граѓанските предмети прашалникот содржеше 42 прашања кои ги разработуваа сегментите на Законот за парнича постапка. Прашањата беа систематизирани на начин што истите би претставувале јасни индикатори за евентуалните непочитувања на овие стандарди, но и повреди на било која од двете постапки. Оваа претставуваше клучна активност во процесот на изготвување на оваа анализа, од причина што податоците кои се добиваат од страна на набљудувачите, се податоци кои даваат непристрасна и транспарентна слика за случајот кој се мониторира.

# 3. МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ СТАНДАРДИ

## 3.1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

”Секој има потполно еднакво право на правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд кој ќе одлучи за неговите права и обврски и за основаноста на секоја кривична тужба против него.”

- Чл.10 од Универзалната декларација за човекови права

”(1)Сите луѓе се еднакви пред судот. Секое лице има право неговиот случај да биде расправан праведно и јавно пред надлежен, независен и непристрасен суд, установен со закон што одлучува, било за основаноста на некое кривично обвинение подигнато против тоа лице, било за тужба за остварување на граѓанските права и обврски на тоа лице... ”

- Чл.14 од Меѓунраодниот пакт за граѓански и политички права

Соувојување на Универзалната декларација за човекови права од страна на ООН, која во себе опфаќа определени есенцијални услови за постигнување индивидуално достоинство и општествен поредок, се гарантира еднаква заштита со закон, пресумпција на невиност за обвинетите , се до утврдување на вина од страна на надлежен, независен и непристрасен суд во фер и јавна постапка-судење, но и фактот дека никој не смее да биде подложен на произволно апсење, притвор или прогонување.

Во 1966 г. пак, Генералното собрание на ОН го усвои Меѓународниот пакт за граѓански и политички права во кој се уредени судските(процесните) права како правни прашања, а не само како принципи. Во своите одредби, Пактот ги опфаќа поставените параметри за фер и правично судење, особено потенцирајќи ја важноста на еднаквоста на секоја индивидуа пред надлежните судови, без оглед дали станува збор за кривични обвиненија(и постапки) или кога се работи за утврдување на права и обврски во граѓански постапки, критериумите кои судовите востановени врз основа на закон, треба да ги исполнуваат со цел нивното дејствување и продукт на работа да биде легитимно и во интерес на индивидуата, заштитата односно гаранциите од произволни апсења и ретроактивни судења и сл.

Битно е да се напомене исто така и дека ОН, утврдувајќи посебни стандарди-Основни начела за независноста на судството, наметна нужност од индивидуално и колективно почитување на судските функции, како и зацврстување на довербата во судските системи. На овој начин, на судиите им е овозможено да делуваат во потполност во рамки на своите овластувања, при тоа истите да бидат ослободени од било какви притисоци и закани. Овие стандарди не се правно обврзувачки за државите, но и тоа како се од корист во процесот

на моделирање на судските системи доколку истите би биле инкорпорирани во националните права на државите.

"(1)Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него."

- Чл.6 од ЕКЧП

Во 1950г. Советот на Европа ја носи Европската конвенција за човекови права, со намера да обезбеди почитување на основните човекови права и слободи, демократија и владеење на правото. Во чл.6 од истата е предвидено правото на секоја индивидуа, да и биде овозможено правото на јавно и правично судење кое ќе се одвива во разумен рок, пред независен и непристрасен, со закон воспоставен суд. При тоа оваа одредба се однесува како на граѓанските постапки во кои се утврдуваат права и обврски, така и во кривичните, во кои се утврдува одговорност на лица.

"Право на ефективна правна помош и фер судење."

"Секој чии права и слободи загарантирани со законот на Унијата се прекршени има право на ефективна правна помош пред суд под условите пропишани со овој член."

"Секој има право на фер и јавно сослушување во разумен временски рок од независен и објективен суд, претходно воспоставен со закон. Секој има можност да добие совет, одбрана и застапување. "

„На оние кои немаат доволно ресурси ќе им се обезбеди правна помош, доколку таквата помош е неопходна за обезбедување ефективен пристап до правдата.„

- Чл.47 од Повелбата на основните права на ЕУ

Со донесување на Повелбата на основните права на ЕУ во 2000г., Европскиот парламент, Советот на министри, како и Европската комисија одлучија да ги заштитат клучните политички и економски права на граѓаните и жителите на ЕУ, повторно ставајќи акцент на стандардите за фер и правично судење, но и обезбедувањето на правна помош.

## 3.2. ПРАКСА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права, како постојано тело ја врши својата функција од 1998г., заменувајќи ги постоечките механизми за спроведување од тој период-Европската комисија за човекови права(основана 1954) и Европскиот суд за човекови права (основан 1959), со тоа што истиот е воспоставен како

целосно оперативен суд кој отвора директен пристап, во функција на народот кој живее на европско тло.

Постапувањето, односно одлуките кои Европскиот суд за човекови права ги носи во процесот на своето работење, наметнува позитивни обврски на државите во насока на организирање на правниот поредок како би се овозможило исполнување на критериумите предвидени во Чл.6 од ЕКЧП.

Со оглед на фактот дека Бирото за застапување на Р.Македонија пред Европскиот суд за човекови права, го нема изготвено својот годишен извештај за работата на владиниот агент и анализа на предметит и постапките пред овој суд за 2016г., до изготвувањето на оваа анализа, како кредибилен податок за 2016г. на кој би можеле да се потпреме е единствено статистиката за предметите за 2016г. која се наоѓа на веб страната на Министерството за правда, а која се однесуваат на Р.Македонија. Меѓутоа би потенцирале и некои клучни податоци кои се однесуваат на 2015г.

Вкупен број и прилив на предмет во овој суд за 2015г е 40.650 апликации, што претставува намалување од 28% во однос на претходната-2014г.[1] Додека пак број на донесени пресуди е 2441, што во поглед на минатата година претставува пораст од минимални 2%. Во поглед на Р.Македонија, во текот на 2015г. бројот на жалби по кој постапувал Владиниот агент е 38, меѓутоа бројот на нови жалби распоредени пред определено тело за одлучување е 362.

Притоа, во текот на 2015-тата година пристигнале вкупно 32 одлуки за завршување на активните предмети против државата пред ЕСЧП од кои: 123 пресуди, 10 одлуки од кои за пријателско решавање на предметите, 5 одлуки по еднострани декларации, и 4 одлуки за недопуштеност на жалбите,а 1 одлука за отфрлање од листа на предмети.

По однос на одлуките кои се донесени и до овој момент јавно објавени од страна на Министерството за правда за 2016г, би потенцирале дека бројот на пресуди во кои се утврдени повреди на Чл.6 од ЕКЧП, претставува повеќе од половина од вкупниот број.

Преметот на ***Петресека против РМ***, заведен со број на жалба 16912/08 претставува работен спор помеѓу жалителката и Агенцијата за разузнавање, во кој во својата апликација, жалителката наведува дека ”немала правично судење поради различното толкување на применливоста на прописите од страна на домашните судови, како и дека домашните судски постапки траеле неразумно долго време.”[2]. Владата се согласила дека времетраењето на постапктаа не било

---

[1] http://www.pravda.gov.mk/documents/godisen_2016.pdf
[2] http://www.pravda.gov.mk/documents/CASE%20OF%20PETRESKA%20v.%20-REPUBLIC%20OF%20MACEDONIA.pdf

во разумен рок, по што Судот констатира повреда на Чл.6 од ЕКЧП и потврдува дека "разумноста на времетраење на постапката мора да биде проценето во поглед на околностите на случајот и земјаќи ги предвид следните критериуми: комплексноста на предметот; поведението на жалителите и на релевантните органи; и кој бил ризикот за жалителите во спорот„[3].

Предметот на ***Митров против РМ***[4], заведен со број на жалба 45959/09, е кривичен предмет во кој што жалителот во својата апликација се жалеше согласно членот 6 од Конвенцијата дека "неговиот предмет не бил сослушан од страна на непристрасен суд, бидејќи сите судии од основниот суд ја немале неопходната непристрасност. Понатаму тој се жалел за повреда на принципот на рамноправност на странките.". По разгледување на неговата апликација, Судот заклучил дека во конкретниот случај "стравувањата на жалителот во поглед на непристрасноста на основниот суд можеле да бидат сметани како објективно оправдани." Па врз основа на тоа и утврдил повреда на Чл.6 ст.1 од ЕКЧП.

Предметот ***Ивановски против РМ***[5], заведен со број на апликација 29908/11, е предмет кој се однесува на примена на одредбите на Законот за лустрација, поточно случајот на апликантот е првиот случај на лустрација во Р.Македонија. Апликантот во својата жалба се жалел согласно членот 6 од Конвенцијата "на целокупна неправичност на постапката за лустрација. Тој исто така се жалеше на отсуство на непристрасност и независност на Комисијата и судовите, имајќи го предвид функционирањето и составот на Комисијата, унапредувањето на определени судии кои постапувале по неговиот предмет, и јавната изјава на Премиерот, како показател на политичкото влијание од страна на Владата. ". Во врска со истиот член, апликантот исто така се жалел на "повреда на принципите на еднаквост на оружјата и контрадикторност на постапката. Ова било така, од една страна, поради постојаниот притисок што бил вршен врз него да не ги открива класифицираните информации, краткото време за подготовка на аргументите, и ограничениот пристап што го имал до списите односно документите во досието, и од друга страна поради неовластениот и неограничениот пристап што други лица го имале до тие списи." Апликантот понатаму се жалел и на "отсуството на пристап до суд, од причина што судовите не одлучувале за фактите на случајот и погрешно ја утврдиле фактичката состојба. Покрај ова, тој тврдеше дека тој не можел ефективно да ги оспори клучните докази против него, што го ставило во понеповолна положба vis-à-vis државата." Апликантот исто така тврдел дека постои арбитрерност во

---

[3] види, на пример, Миткова против Република Македонија бр. 48386/09, § 50, 15 октомври 2015 година
[4] http://www.pravda.gov.mk/documents/CASE%20OF%20MITROV%20v.%20-THE%20FORMER%20YUGOSLAV%20REPUBLIC%20OF%20MACEDONIA%20%C5%CD%20%CC%CA%20%C0%CD%C0%D1%D2%C0%D1%C8-%C0%20%CA%D3-%D3%CD-%C8-.pdf
[5] http://www.pravda.gov.mk/documents/ivanovski%20protiv%20rm.pdf

оценката на доказите и недостаток на образложение на одлуките. По што на крајот, се жалел и за повреда на презумцијата на невиност согласно член 6 ст.2 и на повреда на правата на одбраната согласно член 6 ст.3 (б) и (г).

Судот по однос на овие факти одлучил дека нема повреда на членот 6 ст.1 од Конвенцијата по основ на отсуство на пристап до суд, додека пак по однос на неправичноста на постапката, Судот констатирал дека постои повреда на членот 6 ст.1 од ЕКЧП. Во врска со барањето односно укажувањето на друг повреди на Чл.6, "Судот смета дека нема потреба да ги разгледа останатите наводи на апликантот за повреда на членот 6 од Конвенцијата (види, mutatis mutandis, Kinský), особено оние во однос на еднаквоста на оружјата и контрадикторноста на постапката."

Предмет ***Попоски и Дума против РМ***[6], заведен со број на жалба 69916/10 и 36531/11, е предмет кој се однесува на разрешувања на двајцата апликанти од судиска функција. Жалителите се жалеа, согласно членот 6 од Конвенцијата, дека „Судскиот совет што ги разрешил поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција ја немал потребната непристрасност бидејќи членовите коишто ја повеле оспорената постапка подоцна учествувале во донесувањето на одлуката на Судскиот совет за нивно разрешување.„ Владата на овој факт не поднела приговор во врска со допуштеноста на овие жалбени наводи. Вториот жалител се жалел според член 6 од Конвенцијата дека "исклучувањето на јавноста од постапката пред Комисијата не било оправдано; дека не биле дадени доволно причини за нејзиното разрешување; дека СС ги одбил нејзините барања за докази; и дека јавните изјави дадени од страна на министерот за правда и претседателот на СС ги повредиле нејзините права според членот 6 став 2 од Конвенцијата". Судот утврдил дека има повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата во поглед на тоа дека случаите на жалителите не биле разгледани од страна на непристрасен трибунал.

Предмет ***Јакшовски и Трифуновски против РМ***[7], заведен со број на жалба 56381/09 и 58738/09, е исто така предмет кој се однесува на разрешување на двајца апликанти од судиска функција. Апликантите упатиле жалба согласно членот 6 ст.1 од Конвенцијата дека "Судскиот совет не е „независен и непристрасен трибунал" бидејќи членови на Судскиот совет коишто ја повеле оспорената постапка подоцна учествувале воодлуката на Судскиот совет за нивно разрешување. Жалителите изнесоа дека Советот за постапување по жалби формиран при Врховниот суд ја немал потребната непристрасност и независност, бидејќи бил составен од судии чиишто кариери зависеле целосно од Судскиот совет". Едниот од апликантите навел дека оспорената постапка во

[6] http://www.pravda.gov.mk/documents/Poposki%20and%20Duma%20v%20%20Republic%20of%20%20Macedonia-presuda.pdf
[7] http://www.pravda.gov.mk/documents/JaksovskiTrifunovski.pdf

неговиот случај не била во согласност со одредени гаранции предвидени во член 6 став 1 од Конвенцијата, односно дека: ”не бил во можност да се произнесе за доказите поднесени против него; Судскиот совет ги одбил неговите барања за сослушување на сведоци и прифаќање на докази во негово име; тој бил лишен од правото да присуствува на расправата на која Судскиот совет ја повел постапката против него за нестручно и несовесно вршење на судиската функција; и оспорените одлуки не биле доволно образложени”. По овие укажувања, судот утврди дека имало повреда на правото на жалителите на судење пред "независен и непристрасен трибунал" согласно член 6 став 1 од Конвенцијата.

Предмет ***Геровска и Попчевска против РМ***[8], заведен со број на жалба 48783/07, е уште еден предмет кој се однесува на разрешување на двајца апликанти од судиска функција. Една од жалителките се жалеше согласно членот 6 ст.1 од Конвенцијата дека ”Судскиот совет не е „независен и непристрасен трибунал” во поглед на учеството на тогашниот претседател на Врховниот суд и министерот за правда во одлуката на Судскиот совет за нејзиното разрешување.” Таа упатила на фактот дека и двајцата веќе имале однапред формирано мислење за основаноста на нејзиното разрешување, меѓутоа и дека личните предрасуди на претседателот на Врховниот суд дополнително биле засилени со изјави во медиумите, во кои изразил неповолни мислења за неа. За на крај да посочи дека  одлучувачкиот глас за нејзиното разрешување во случајот бил гласот на министерот, што само имплицирало дека постоело мешање на извршната во судската власт. Владата не поднела приговор во врска со допуштеноста на жалбените наводи. Судот утврдил дека има повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во поглед на немањето на потребна непристрасност и независност на Судскиот совет имајќи го предвид учеството на тогашниот претседател на Врховниот суд и министерот за правда во одлуката на Судскиот совет за разрешување на жалителката.

Единствениот предмет, чија пресуда е објавена за 2017г., е предметот ***Селмани и др. против РМ***[9] , заведен со број на жалба 67259/14 , а кој е во врска со исфрлувањето на новинарски екипи за време на нередите во Собранието на РМ на 24.12.2012г. Жалителите се жалеа согласно членот 6 став 1 од Конвенцијата за неодржувањето на усна расправа во постапката пред Уставниот суд, по што судот, по разгледување на предметот одлучил дека има повреда на член 6 од Конвенцијата во поглед на неодржувањето на усна расправа пред Уставниот суд.

---

[8] http://www.pravda.gov.mk/documents/Gerovska-PopcevskavMacedonia-presuda.pdf
[9] http://www.pravda.gov.mk/documents/Selmani%20&%20Others%20-%20judgment%20%20mak-final.pdf

## 3.3. ДОМАШНИ СТАНДАРДИ

”Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон. ”

- Чл.13 од Уставот на РМ

”Се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања. ”

- Чл.15 од Уставот на РМ

Уставот на Р.Македонија како највисок правен акт кој гарантира и обезбедува индивидуални и колективни човекови права и слободи, предвидува одредби кои се тесно поврзани со начелата за фер и правично судење. Пресумпцијата на невиност, уставотворецот ја предвидел во чл.13 од Уставот во чии одредби предвидува дека лицата кои се обвинети за казниво дело, ќе бидат сметани за невини се додека нивната вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Додека пак правото на второстепеност на постапките на територијата на Р.Македонија односно во нејзините судски инстанци, управни органи, организации или пак институции кои вршат јавни овластувања, се предвидува во чл. 15 од Уставот.

Законот за судовите, како и Законот за кривична постапка исто така упатуваат на одредби кои се однесуваат на почитување односно имплементирање на стандардите на фер и правично судење во македонското законодавство.

Имено, чл.6 од Законот за судови предвидува: ”Секому се гарантира правото на еднаков пристап пред судот во заштита на неговите права и правно заснованите интереси.”. Во поглед пак на гарантирање на правото на судење во разумен рок, истиот овој член, во својот став 2 предвидува: ”При одлучување за граѓанските права и обврски и при одлучување за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд основан со закон.”. Битно е да се напомене дека во Законот за судовите, воведена е посебна постапка за заштита на правото на судење во разумен рок пред Врховниот суд во Р.Македонија. Со воведување на овие одредби и постапка, апликантите од Македонија, доколку нивните жалби-апликации се темелат единствено на повреда на овој принцип од чл.6 од ЕКЧП, истите мораат нивните апликации да ги поднесат до Врховниот суд на РМ, кој одлучува по повод евентуалните повреди на начелото, како и за износот на надомест на нематеријална штета на апликантот.

"Лицето обвинето за кривично дело има право во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд, во контрадикторна постапка да може да ги оспорува обвиненијата против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана. "

- Чл.5 од ЗКП

"(1)Лицето против кое се води постапката има право во разумен рок да биде изведено пред суд и да му биде судено без неоправдано одолжување.

(2) Судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата кои им припаѓаат на лицата кои учествуваат во постапката. "

- Чл.6 од ЗКП

Закон за кривична постапка предвидува исто така одредби кои се во тесна корелација и се однесуваат на заштита на стандарди за фер и правично судење. Во чл.5 од овој закон е предвидено и загарантирано правото на јавно и правично судење пред независен и непристрасен суд и тоа во контрадикторна постапка, во која што обвинетото лице ќе може да ги оспорува фактите и доказите, односно обвинението против него, но и активно да учествува во процесот на градење на својата одбрана со изведување и предлагање на докази. Чл.6 пак од ЗКП го разработува временскиот концепт на траењето на постапката, па така истиот предвидува изведување на лицето против кое се води постапката пред суд во разумен рок, како и негово судење без неоправдано одложување на постапката.

# 4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

## 4.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во рамките на спроведениот мониторинг на судски постапки, на подрачјето на Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2, вкупно беа мониторирани 97 судски постапки од кои- 74 кривични предмети и 23 граѓански, односно 120 расправи во кривичниот суд и 35 во граѓанскиот. Интенцијата беше да се утврди степенот на имплементација на стандардите за фер и правично судење во двата најголеми суда во државава. Овие стандарди согласно нивната поставеност, важат како за кривичните така и за граѓанските постапки, но нивното поширокот толкување и поле на делување во рамките на постапките упатува на нивна поголема концентрација во кривичните постапки. Ова од аспект на тоа што во истите јасно се прави дистинкција помеѓу обвинети лица и лица кои ги остваруваат своите права и обврски, па така и самиот предмет на заштита во кривичните постапки-обвинетиот како стожер во постапката и неприкосновеното право на потрага до конечната вистина, подлежи на поголема заштита.




*Видови на кривични дела*

При спорведениот мониторинг на кривични постапки, набљудувачите имаа прилика да мониторираат предмети од различни области, па така најзастапени кривични дела при мониторингот беа ”Тешка кражба”, ”Неовластено поризводство и пуштање во промет на дроги, прихотропни супстани и прекурсори”, ”Измама”, ”Трговија со луѓе”, како што впрочем може да се забележи и од табеларниот приказ подолу.

Мониторингот пак кој беше спорведен врз граѓанските постапки во Основниот суд Скопје 2, Скопје, беше по претходно конкретно селектирани предмети согласно основот на предметите. Па така, од граѓанските постапки, со оглед на фактот дека граѓанското право претставува море од разноликост на основи, мониторирани беа предмети во кои сметавме дека овие стандарди, стадардите за фер и правично судење би требало во голема мера највеќе да се практикуваат, согласно специфичноста на основите. При мониторингот на граѓански постапки, следени беа вкупно 35 расправи според основите наведени во табалета подолу.




*Основ на предметот*

# 5. СТАНДАРДИ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

## 5.1. ОПШТО ЗА СТАНДАРДИТЕ

Стандардите за фер и правично судење низ призмата на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права како и Европската конвенција за човековите права:

### 5.1.1. Право на пристап до суд и правда

Правото на пристап до правда и еднаквост се јадрото на владеењето на правото. Тие налагаат принцип дека сите луѓе треба да имаат еднакви права во пристап до судовите и до правдата, која пак треба да биде во насока во која би се постигнала генерална еднаквост на сите граѓаните, без оглед на нивната положба во постапки или пак видот на постапката. Комитетот за човекови права го детерминира правото на еднаквост пред судовите и трибуналите, вклучувајќи го и пристапот до истите како клучен елемент во заштитата на човековите права, но и како чувар на владеењето на правото[10]. Членот 10 од Универзалната декларација на човековите права го определува исто така првото на секоја индивидуа на апсолутна еднаквост во уживање на правото на фер и јавно судење. Правото на еднаквост пред судовите е определено и во членот 14 ст.1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, додека пак ЕКЧП во својот Чл.6 укажува на генералната забрана на дискриминација во поглед на практикување на ова право.

[10] UN Human Rights Committee, CCPR General Comment 32 (2007), para 2.

### 5.1.2. Независен и непристрасен суд

" (1)...Во детерминирањето на основаноста на било какви кривични обвиненија или права и обврски во грѓанска постапка, секој има право да биде изнесен пред компетентен, независен и непристрасен трибунал востановен со закон......"

- Член 14 ст.1 Меѓународна пакт за граѓански и политички права

"(1) Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата."

- Член 6 ст.1 од ЕКЧП

Членот 14 ст.1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Чл.6 ст.1 од ЕКЧП на секоја индивидуа и гарантираат фер судење пред "независен и непристрасен трибунал-суд востановен со закон"[11], додека пак во наведениот член од Меѓународниот пакт предвидува и тој суд да биде "компетентен".

Концепцијата на "трибунал" е опишана од страна на Комитетот за човекови права како "тело, без оглед на неговото именување, кое е е востановено со закон и при тоа е независно од извршната и законодавната власт или пак во одредени случаи ужива судска независност во процесот на одлучување на правни прашања, кои се од правна област."

Правото на судење пред независен и непристрасен суд, востановен согласно закон опфаќа три принципа: 1) судот треба да е востановен од закон ; 2) судот да е компетентен да одлучува за проблематиката која се изнесува пред него и 3) судот да е како независен така и непристрасен.

### 5.1.3. Судење во разумен рок

Судењето во разумен рок во себе ги опфаќа сегментите: навремено започнување на постапката, навременоста на постапката генерално и нејзино одвивање без непотребни одлагања, како и навремено изготвување односно објавување на пресудите. Во кривичните постапки правото на судење во разумен рок го опфаќа периодот од осомнчувањето односно апсењето на лицето, до

---

[11] Чл.10 од Универзалната декларација на чоековите права, усвоена од Генералното Собрание на ОН под резулуцијата 217 (III) на 10.12.1948, се однесува само на правото на фер и јавно судење пред "независен и непристрасен суд"

изготвување на пресудата и поднесување на жалба, додека пак во во граѓанските постапки, ова право го опфаќа периодот од востановување на постапката (најчесто со поднесување на тужба), до правосилното одлучување на судот и извршувањето на одлуката.

Навременоста на објавувањето на одлуките е и тоа како битен сегмент од целината на правото на судење во разумен рок, а праксата на Европскиот суд во случајот Obermeier v Austria[12] каде е утврдена повреда на Чл.6 од ЕКЧП во услови кога пресудата е објавена 9г. откако апликантот ја почнал постапката за утврдување на законитост на неговата суспензија, како и на ЕСЧП во случајот Rash v Russia[13] , каде апликантот ја добил во писмена форма пресудата за својот предмет 11 месеци од завршување на предметот, само го потврдува тоа.

### 5.1.4. Еднаквост на оржјата

"(1) Сите луѓе се еднакви пред судовите...

"(3) Во детерминирањето на основаноста на било какви кривични обвиненија против лица, на секого, во потполна еднаквост ќе му бидат обезбени минималните гаранции..."

- Чл.14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права

"(1) Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него...."

- Чл.6 ст.1 од ЕКЧП

Принципот на еднаквост на оружјата подразбира дека околностите односно услови за време на судењето и одлучувањето мора да бидат еднакви за сите страни во постапката. Правичниот баланс помеѓу страните во постапката подразбира дека секоја од нив треба да има прилика да го презентира својот случај при тоа, ниту една од страните не треба да биде во привилиегирана состојба во однос на другата страна. Овој принцип е наследен сегмент од принципот на фер судење ,а е во корелација со принципот на еднаквост пред судовите.

Комитетот за човекови права го има опишано овој принцип како неопходност на уживање на исти процесни права од страна на сите страни во постапката, се разбира освен ако разликите не се предвидени во закон и оправдани, при тоа не овозможувајќи суштинска неповолност за една од страните. Евопската комисија пак за човекови права, во контекст на кривичните

[12] *Obermeier v Austria* [1990] ECHR 15, para 72.
[13] *Rash v Russia* [2005] ECHR 17, para 25.

постапки, овој принцип го дефинира како процесна еднаквост на обвинетиот со обвинителот.

### 5.1.5. Право на јавно судење

"(1) Секој има право правично и јавно, во разумен рок... "

- Чл.6 ст.1 од ЕКЧП

Правото на јавно судење е базирано на идејата за отвореност и транспарентност на правосудството и претставува браник на интересите на индивидуите и општеството во глобала. Ова право овозможува присуство на јавноста, како и на страните во постапката за време на судските постапки и преставува принцип од кој судските набљудувачи го црпат својот легитимитет за реализација на својата улога-набљудување на судски постапки.

Одржувањето на јавни расправи во судовите помага во обезбедувањето на транспрентност и интегритет на судските постапки, но и заштита од потенцијална злоупотреба на самите постапки. Мониторингот на судските постапки може да влијае на работата односно постапувањето на судиите и обвинителите во насока на поголем порфесионализам, но и да да помогне при мотивирање на учесниците во постапката истите да ја зборуваат вистината, а се разбира највеќе да придонесе кон одржување или како што кај нас е случајот - во враќање на довербата на граѓаните во правосудниот систем.

Како и во сите правила, и овде постои исклучок, а се однесува на изолирање на јавноста од процесот на судење во исклучителни ситуации кога се работи за: моралот, јавниот ред, национаалан безбедност, интересот за заштита на приватноста на некоја од странките во постапката или едноставно за да се избегнат предрасуди во интерес на правдата.[14]

[14] Универзалната декларација за човекови права )усвоена од Генералното Собрание на ОН под резолуцијата 217 (III) на 10.12.1948) едноставно се повикува само на Чл.10 од истата во поглед на правото на јавно судење, без било какви објаснувања по однос на потенцијалните рестрикции на ова право.

### 5.1.6. Пресумпција на невиност

"(2) Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат.

"(3) Во детерминирањето на било какво обвинение против некое лице, во потполна еднаквост, секому ќе му бидат обезбедени следните основни гаранции:

"(е) Нема да биде примoран да сведочи на своја штета или да признае вина."

- Чл. 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права

"(2) Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат."

- Чл.6 ст.2 од ЕКЧП

Пресумпцијата на невиност претставува фундаментален принцип во заштитата на човековите права и во неговата практична примена подразбира дека: судот не смее да го предодреди исходот на постапката; обвинителството мора да докаже вина над основите за разумно сомнение; начинот на кој обвинетиот е третиран не смее да индицира дека тој е виновен; медиумите треба да бидат внимателни во своето известување како не би ја поткопале пресумпцијата на невиност, а исто така и државните власти треба да се воздржат од давање на јавни изјави кои би го имале тој ефект.

Секоја индивидуа има право да биде третирана како невина, од самото сомничење односно обвинение, кое нешто е задолжително за сите фази на постапката, па до изрекување на кривичната осуда, се додека не се докаже спротивното, односно дека е виновна согласно закон. Пресумпцијата на невиност треба да доминира низ целата постапка, без оглед на исходот за обвинителството. Следствено на ова, Европскиот суд во предметот *Matijašević v Serbia* и *Garycki v Poland*[15] истакнува дека апликантот иако е утврдено дека е виновен, тоа не го ослободува од основното право на пресумпција на невиност додека истиот не биде огласен за виновен согласно закон.

### 5.1.7. Права на обвинетите лица

Прават на обвинетите лица се дел од принципот фер и правично судење. Европската конвенција за човековите права и слободи ги предвидува и гарантира следните минимални права и слободи на обвинето лице: лицето да биде веднаш детално известено на јазик кој го разбира за природата и основот на обвинението; да има доволно време и адекватни услови за подготовка на одбраната; да има право да се брани сам или со бранител по свој избор; или доколку не располага со средства за бранител, да добие бранител по службена

[15] *Matijašević v Serbia* [2006] ECHR 1161, para 49; *Garycki v Poland* [2007] ECHR 112, para 72.

должност; да ги сослуша сведоците; како и да добие преведеувач доколку не го разбира или не го зборува службениот јазик на судот. Слични одредби предвидува и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права кој утврдува дека "секој кој е обвинет за кривилно дело има еднакви права во делот да пруствува на судењето да се брани сам или со помош на бранител, како и да му се обезбеди бранител доколку не може сам да го плати."[16]

### 5.1.8. Право на жалба

"(5) Секој кого судот го прогласил за виновен за кривично дело има право пресудата или казната изречена за тоа дело да биде разгледана од страна на повисок суд, согласно закон."

• Чл. 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права

"(1) Секој кого судот го прогласил за виновен за кривично дело има право пресудата или казната изречена за тоа дело да биде разгледана од страна на повисок суд. Остварувањето на ова право, вклучувајќи ги и причините за неговото остварување, се определени со закон.

"(2) Ова право може да има исклучоци во случај на мали прекршоци кои се утврдени во законот кли во случаи кога лицето за кое станува збор уште во првостепената постапка било осудено од највисок суд или прогласено за виновно и осудено откако е поднесена жалба против неговото ослободување."

• Чл.2 од Протоколот 7 на ЕКЧП

Членот 14 ст.5 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права , како и чл.2 од Протоколот 7 на ЕКЧП го гарантираат правото на секој оној кој е осуден за кривично дело, да може да поднесе жалба и се жали на повисок суд, со цел неговиот предмет да биде повторно разгледан. Жалбената постапка и порцесот на разгледување на предметот мора да бидат вистинска евалуација на правото-законите и фактите на случајот кои се однесуваат на осудата. Значајно е да се напомене и дека примената на широко дефинираното право на фер судење, се применува односно е загарнтирано и во жалбената постапка.

## 5.2. ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ

Анализата на судските постапки се врши преку оценка на параметрите утврдени од страна на ЕКЧП и од страна на ЕСЧП во поглед на системот на права низ кои се оценува дали една кривична постапка е фер и правична, т.е. низ евалуацијата на начелото на правична постапка. Во таа насока се анализирани посебните елементи на начелото на правична постапка[17] низ следниот редослед: независност и непристрасност; навременост – судење во разумен рок;

[16] http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2016/06/Standardi_2015_MKD.pdf
[17] Види: Бужаровска Г., Калајџиев Г., Мисоски Б., Илиќ Д., Казнено процесно право (учебно помагало), Скопје 2015 г. , стр. 25 и сл.

јавност; претпоставка на невиност; еднаквост на оружјата; почитувањето на минималните права на одбраната (известување во најкраток рок за природата и причините за обвинувањето; доволно време и можност за подготвување на одбраната; да се брани лично или со бранител; самиот или со бранител да ги испитува сведовите; бесплатна помош од преведувач) и право на жалба.

### 5.2.1. Право на независен и непристрасен суд

Анализата на независноста на судот и неговата непристрасност, генерално, низ прашалникот се оценува низ неколку аспекти. Првиот аспект се однесува на оценката на независноста на судот преку перцепцијата на странките за неговата независност, односно во која мерка странките биле задоволни од изборот на судијата. Или поинаку кажано дали странките барале изземање за некој од судиите. Согласно добиените податоци, нашите набљудувачи не забележале случај кога странките побарале изземање на судиите, односно од набљудувани 120 рочишта негативно одговориле во 69 од случаите. Ваквиот податок може да послужи за донесување на заклучокот дека странките во поглед на изборот на судиите немале поголеми забелешки, односно дека е почитувано правото на избор на природен судија.

Вториот аспект од анализа за судската незавиност и непристрасност се огледува во оценката на набљудувачите за однесувањето на судот во текот на судските расправи. Односно, набљудувачите покрај формалното барање за изземање на судиите го имаат анализино и непосредното однесување на судиите во текот на рочиштата. Па така од 69 одговори од вкупно 120 прашалници, набљудувачите забележале дека судиите само во 5 случаи се однесувале кон странките како да имаат веќе однапред утврдено мислење за исходот на постапката. Споредено со минатата година, кога набљудувачите само во еден случај констатирале сомнеж во поглед на однапред создадениот став по однос на исходот од постапката кај судиите, годинешните резултати сведочат за драстично влошување на оваа перцепција за судиите кај набљудувачите. За волја на вистината, оваа година, анализата се прави на поголем број на анализирани рочишта, што реално и може да го зголеми и бројот на податоците. Сепак, порастот на набљудуваните рочишта во однос на минатата година е зголемен за скоро два и пол пати (од 54 на 120), додека перцепцијата на набљудувачите оваа година се зголемила за пет пати. Ова само го поткрепува фактот дека имаме влошување на состојбите во поглед на независноста на судот. Барем во делот од набљудуваните случаи од набљудувачите на Мрежата 23.

Сепак, споредено со прашањето дали судот беше пристрасен, набљудувачите нотирале дека судот бил пристрасен само во два случаи додека во сите останати случаи набљудувачите немале забелешки во однос на судиите. Во конкретниов случај станува збор за предмети кои како основ го имаат сторено кривично дело “Разбојништво” односно “Тешка кражба” и она што е

специфично е тоа дека во двата предмета, на обвинетите им била определена мерката притвор, и во двата предмета не е почитувано начелото на презумпција на невиност, и во двата предмета судот имал несоодветна ex parte комуникација со јавниот обвинител. Она што како клучно е утврдено од набљудувачите во овие два предмета, во насока на веќе оформеното мислење и непостоењето на непристрасност од страна на судот е фактот што во едниот предмет станува збор за обвинет кој е веќе претходно осудуван и при тоа зависник од дроги, а во другиот, обвинетиот е Ром обвинет за кражба, за кој судот инсистирал да даде признание за наводно стореното дело. Имајќи ги предвидпогорните констатации, може да се заклучи дека и покрај фактот дека странките имале определен став во однос на исходот на предметот, сепак не во голема мерка влијаело врз нивната независност. Или поинаку кажано, од детектираните 5 случаи на имање на однапред формиран став во поглед на исходот на кривичноправниот предмет, овој нивен став бил негативно оценет само во два случачи. Односно, во останатите три случаи ваквиот однапред формулиран став не им пречел на судиите во поглед на оставарувањето на еднаква заштита на правата на странките, а особено на обвинтетите во текот на набљудуваните кривични постапки..

Задоволува фактот дека е задржан трендот од минатогодишниот извештај дека не постои заплашување ниту употерба на дискриминаторски јазик од страна на судиите во текот на набљудуваните кривичните постапки.

Во таа насока имаме и подобрување во однос на минатогодишниот извештај во однос на прашањето дали судот внимаваше во текот на судењето. Па така, оваа година набљудувачите не забележале постапка кај судиите што би го генерирало заклучокот дека судиите не внимавале во текот на рочиштата.




*Дали имаше несоодветна ex-parte комуникација?*

Интересн е податокот дека, се уште судот нема подеднаков однос помеѓу бранителите и обвинителите, па во таа насока и понекогаш има поблизок однос со една од странките при дискусиите за предметот, а во отсуство на другата странка. Во таа насока се и податоците на набљудувачите кои забележале дека

судиите во седум случаи не ги задоволиле стандардите за ex-parte комуникација со странките, видно од графиконот подолу.

Токму затоа сметаме дека е неопходно да се направат дополнителни тренинзи на судиите за овој тип на комуникација помеѓу судиите и странките во постапката, со цел нивно дополнотелно сензибилизирање за значењето на овој облик на комуникација во судот, а со тоа и одбегнување на евентуалните негативни заклучоци кај странките и кај јавноста за (не)пристрасноста на судот.

### 5.2.2. Навременост – судење во разумен рок;

Во однос на прибраните податоци, анализата на судењето во разумен рок може да ја направиме низ неколку аспекти. Имено, судењето во разумен рок може да се оцени низ призмата на одложувањето на судските рочишта, и тоа дали овие одлагања се во насока на одолговлекување на кривичната постапка или се однесуваат на некои оправдавдани причини. Вториот аспект може да се увиди низ анализата на мерките кои што судот ги презема за непречено водење на главната расправа, односно преку примената на мерките за обезбедување на присуството на обвинетото лице.

Па така, од набљудуваните 120 рочишта за 74 предмети, набљудувачите заклучиле дека на 74 рочишта биле присутни сите субјетки со што непречено биле преземани сите процесни дејствија во текот на главната расправа. Додека, во останатите случаи биле отсутни некои од субјектите или од учесниците во кривичната постапка, па таа требало да се одложи.




*Отсуство по расправи*

Загрижува фактот дека опстојува практиката на висок процент на отсуство на јавниот обвинител во текот на кривичната постапка и тоа во околу 15 % од набљудуваните случаи додека обвинетиот бил отсутен во 20% од случаите. Споредено со минатата година се наметнува заклучокот дека имаме драстично зголемување во однос на отсуството на јавниот обвинител, односно од 7% на 15%, но сепак, дозволуваме да има определни корекции на овој процент имајќи го предвид бројот на анализираните рочишта од оваа година, во однос на минатогодишните[18]. Како и да е, сметаме дека терба да се намали ваквата практика кога на главната расправа би отсуствувал јавниот обвинител, така што би се зголемила координацијата помеѓу јавните обвинители и судот при закажувањето на рочиштата со што би се одбегнала практиката за негово отсуство од закажаните рочишта.

Интересен податок за анализа во однос на одложувањето на набљудуваните рочишта е и отсуството на обвинетото лице. Имено, и покрај постоењето на процесните можности за присилно доведување на обвинетото лице на рочиштата во текот на главната расправа, не можеме да бидеме задоволни со фактот дека  20% од судските рочишта се одложени поради негово/нејзиното отсусуство. Па така, од набљудуваните рочишта повторно се забележува трендот на ретката примена на полесните мерки за обезбедување присуство на обвинетите лица[19], односно овие мерки биле забележани само во 10 од набљудуваните предмети, од кои во 5 случаи била мерката задолжително јавување во судот. Што значи дека за судот сеуште опстојува практиката за целосно игнорирање или непримена на останатите мерки за обезбедување присуство, а во прв план на пример на мерките на претпазливост и/или гаранцијата.

Од прибраните податоци, повторно е потврдена лошата практика на одлагање на рочиштата поради отсуство на обвинетото лице што се наоѓа во притвор, а истото да не е доведено во судот, само поради фактот дека притворските служби не располагаат со доволно возила за да ги донесат притворените лица навреме и во закажаните во судовите[20].

[18] Види: Иванова Бојаџиевска М. и Богдановска А., Имплементација на меѓународните стандарди за фер и правично судење, Скопје, 2015 г., стр. 17.
[19] Види: Годишен извештај од набљудуваните рочишта пред Основен суд Скопје 1, Скопје, Коалиција сите за фер судење, 2016 г.; Бужаровска Г., Андреевска С., Тумановски А., Примена на мерката притвор според законот за кривичната постапка од 2010 година правна анализа, ОБСЕ, Скопје 2015..
[20] Види ги извештатите на Коалицијата сите за фер судење, на пример  за 2015 и 2016 година.




*Дали се присутни сите сведоци и вештаци*

Проблемот со присуството на сведоците и вештаците е детектиран на 19 рочишта кога не биле присутни сите сведоци или вештаци(види графикон погоре). Ваквото отсуство согласно смислата на одредбите од ЗКП за текот на главната расправа согласно начелата на акузаторната постапка[21] во голема мерка е проблематичен за нормалното водење на истата. Ова од едноставна причина што дури и да се повеќето сведоци и вештаци присутни на закажаното рочиште, доколку не е присутен првиот сведок од редоследот што е од значење за теоријата на случајот на одбраната или на обвинението, тогаш судот нужно би требало да го одложи ова рочиште, а со тоа и да не ги испраша сведоците и вештаците што се присутни во тој момент, бидејќи на тој начин би се нарушил концептот на фер одбрана и постапување. Токму затоа, нужен приоритет е присуството на сите сведоци и вештаци во текот на главната расправа. Во оваа пригода, повторно ја актуализираме забелешката од минатогодишниот извештај во однос на подобрувањето на процедурите за ефикасна достава во кривичната постапка.

### 5.2.3. Јавност

Јавноста на судењето претставува една од значајните гаранции за фер постапувањето на судот. Преку јавноста на судските постапки се генерира заклучокот за судската ефикасност и за неговата перцепција како еднаков заштитник на правата на субјектите во кривичните постапки што се водат пред тој суд. Присуството на генералната, но и на стручната јавност во текот на кривичните постапки се третираат како ефикасно средство за зголемување на довербата во судот, но од друга страна служат и како ефикасно средство за заштита на правата на обвинетите лица, односно служат како ограничување за евентуалната злупотреба на овие права од страна на судот. Притоа, од особено значење е претставниците на медиумите да имаат непречена можност да присуствуваат во текот на рочиштата од главната расправа и да ја известуваат

[21] Види: Saltzburg S.A., Capra D.J., American Criminal Procedure, Cases and Commentary, 6-th Ed. St. Paul Minn, 2000, стр. 1073 и сл.

генералната јавност за работата на судот. Се разбира доколку не се исполнети законските услови од одредбата од членот 354 од ЗКП со која се предвидува можноста за исклучување на јавноста од судските рочишта.

Од добиените податоци од набљудувачите може да утврдиме дека сите освен две рочишта на кои присуствувале биле достапни за јавноста. Она што загрижува е дека, во овие два случаи, односно на овие две рочишта јавноста како и претставниците на медиумите биле исклучени, според податоците на набљудувачите, спротивно на одредбите на ЗКП. Во конкретниов случај станува збор за предмети во кои како кривични дела е јавуваат "Трговија со луѓе", "Криумчарење" и "Злосторничко здружување" и она што е заедничко за нив е тоа дека и во двата случаи судската полиција била онаа која ги оневозможила набљудувачите да присуствуваат на расправите односно таа им соопштила за затвореноста за јавност. Во едниот предмет т.е на едната од расправите судијата бил оној кој наредил да се затвори за јавност распаравата, кој факт бил пренесен од самата судска полиција на набљудувачите, а во другиот поради одржување на расправа за предметот познат во јавноста како "Диво Насеље" , била генерално исклучена јавноста на сите останати расправи во Основниот суд Скопје 1, Скопје.

Како средство за унапредување на правото на јавноста на судењата често пати се зема и критериумот на јавното објавување на распоредот на рочиштата по простории по датуми и саатниците на нивното објавување и тоа како на огласната табла на судот, така и на официјалната веб страна на судот, но и пред секоја судница соодветно. Според овој критериум нашите набљудувачи утврдиле дека во 7 случаи овие податоци не биле соодветно објавени. Токму поради тоа сметаме дека судот во иднина би требало да внимава во поглед на редовното сервирање на компјутерската опрема преку која овие податоци се објавуваатв во судовите, но и соодветно да ја ажурира својата веб страна како би се отстраниле пречките за навременото и соодветното обајување на овие информации што се од значење за подобрувањето на правото на јавноста да ги следи судските постапки.

### 5.2.4. Претпоставка на невиност

Претпоставката на невиност, генерално се тестира низ неколку параметри. Првиот се однесува на правото на лицето да не биде присилено да сведочи против себе, вториот параметар се однесува на правото на лицето да ја признае или не вината, додека правото на молчење, односно забраната за создавање на негативни заклучоци по обвинетиот во услови кога тоа лице се брани со молчење.

Согласно погорните критериуми може да заклучиме дека судот генерлано го почитувал ова право на обвинетото лице, освен во 4 случаи кога

набљудувачите заклучиле дека обвинетото лице било исклучен од судењето, со што набљудувачите заклучиле дека се работи за кршење на неговата пресумпција на невиност.

Во дополнителен друг случај набљудувачите утврдиле дека судот го оценил на штета на обвинетото лице неговото право да се брани со молчење. Сепак, согласно бројот на набљудуваните случаи сметаме дека се работи за исклучоци, кои во глобала не го нарушуваат впечатокот дека судот генерално го почитува правото на пресумпција на невиност на обвинетите.

Сепак, за правилен заклучок дали и во која мерка судот ја почитува пресумпцијата на невиност на обвинетото лице, како индикатор може да ни послужи однесувањето на судот при оценката на дадените признанија од страна на обвинетото лице во текот на главната расправа. Односно, доколку судот навистина ја почитува пресумпцијата на невиност на обвинетото лице, тогаш тој би пристапил со посебно внимание кон онцеката на дадените признанија дадени во текот на главната расправа согласно членовите 380 и 381 од ЗКП. Ова значи дека во услови на дадено признание од страна на обвинетото лице при неговиот исказ во текот на главната расправа, судот би требало ова признание да го оцени дали е свесно, доброволно и дали обвинетото лице ги разбира последиците од даденото признание. Потоа, судот би требало да ги зиведе доказите кои што се во прилог на одмерувањето на видот и висината на кривичната санкција. Се разбира дека во оваа насока, судот има активна улога при постаавувањето на прашањата за оценката на свеста и доброволноста, како и во насока на определувањето на квантумот и на квалитетот на доказите што би требало да се изведат од редот на предложениот попис на докази во рамките на обвинението. На овој начин судот би требало да се убеди себе си, надвор од разумното сомневање, дека признанието е свесно и доброволно, како и соодветно поткрепено со докази.[22]

[22] Види: Мисоски Б., Илиќ Д., Новите европски тенденции за признанието на обвинетиот во постапката за спогодување низ одредбите од Законот за кривичната постапка на Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, 2016 г., достапно на: http://journal.maclc.mk/revija2016-br2/




*Дали се изведоа докази по признание на вина?*

Од добиените податоци од набљудувачите може да утврдиме дека судот во услови на дадено признание на вина од страна на обвинетото лице во 13 случачи воопшто не извел некакви докази, додека во 16 случачи извел докази (види графикон погоре). Дополнителен негативен аргумент е дека во случаите кога извел докази, а според податоците на набљудувачите се само 5 случачи од наведените 16, најчесто односно во три случаи како доказ го извел податокот од казнената евиденција, во еден случај ја извел како доказ претходната осуда на обвинетото лице, а во еден случај како доказ ја извел потврдата за одземени предмети.

Имајќи ги предвид овие податоци може да заклучиме дека во случаите кога обвинетиот ја признава вината, тогаш нему во најголема мерка му е прекршено правото на презумпција на невиност. Односно, судот не прави воопшто напори да го поткрепи вака даденото признание со дополнителни материјални докази. Дотолку повеќе, што наведените докази од казнената евиденција или рептходната пресуда во ниту еден аспект не ни говорат за потврда или негација на признанието на вината на обвинетото лице. Ова значи дека во овие случаи судот го прифаќа признанието „здраво за готово“ и de facto на штета на обвинетото лице, со што неговото право не само што е ограничено, туку е фактички прекршено, за жал, од страна на судот.

Токму затоа предлагаме дека е потребен дополнителн тренинг на судиите со цел нивно сензибилизирање од значењето за изведувањето на докази во полза на признанието во услови на дадено признание на главната расправа. Се со цел заштита на правата на обвинетите лица, но и на интересите на правдата, бидејќи од евидентираните случаи може да се заклучи дека можеби сме имале и лажни признанија што судот не се потрудил да ги осуети, а само постапувал во интерес на формално забрзување на кривилните постапки и едноставно формално решавање на кривичните предмети. Во таа насока, сметаме дека се потребни и определни измени во ЗКП со кои би се вовело задолжителното одржување на доказно рочиште за утврдување на видот и за

одмерување на висината на кривичната санкција, со што би се оневозможила практиката на судот на некритичко прифаќање на признанието на вината на обвинетите лица.

### 5.2.5. Еднаквост на оружјата

Целта на начелото на еднаквост на оружјето на процесните странки значи всушност подеднаков третман на процесните странки од страна на судот, на тој начин што се што е овозможено на едната процесна странка би требало да и биде дозволено и на другата странка. Поинаку кажано, преку начелото на еднаквост на оружјето судот го гарантира правото на двете странки да имаат подеднакво и доволно време, можности и средства за да го презентираат својот случај пред независниот арбитар. Притоа, согласно начелото на еднаквост на оружјето на обвинетиот би требало да му бидат обезбедени доволно време и средства за да може да ја презентира својата теорија на случајот, односно да му се гарантираат доволно средства и време за нивна подготовка за да може со овие средства ефикасно да опонира на теоријата на случајот на обвинителот.

Ова начело низ прашалникот на Мрежата 23 беше евалуирано низ неколку прашања. Првиот сет прашања се однесуваа на можноста на одбраната да предлага докази, како и оцена на фактот дали сите докази од страна на обвинителството и биле достапни на одбраната. Вториот сет од прашања се однесуваа на евалуација на фактот дали на одбраната, од страна на судот, и било дадено доволно време за подготовка; додека третиот сет од прашања се однесуваа на тоа дали одбраната соодветно го застапувала обвинетиот во текот на главната расправа.

Според податоците од набљудувачите, може да заклучиме дека набљудувачите не забележале поголеми недоследности кај судот во однос на заштитата на правото на одбраната да предлага докази. Па така од вкупно добиени 52 одговори на прашањето дали одбраната имала исти можности како и обвинителството во предлагањето докази, нашите набљудувачи, без исклучок, одговориле дека одбраната ги имала истите можност, видно и од графиконот подолу. Сепак, по однос на ова прашање имаме и голем број на неодговорени прашања односно 68. Во секој случај проблемот со правото на еднаквост на оружјето во поглед на предлагањето на докази во фазата од на главна расправа од кривичната постапка, не е во голема мерка загрозено, од едноставна причина што во оваа фаза од постапката судовите, генерално, ги прифаќаат предлозите на странките за предлагање на доказите. Поголем проблем настанува во пронаоѓањето и обезбедувањето на доказите во пораната фаза од кривичната постапка, т.е. во фаџзата на истрагата, па поврзано со тоа и понатаму во текот на главаната расправа се јавува ефектот кога определени предложени докази да не можат воопшто да се пронајдат или изведат пред судот.




*Дали одбраната ги имаше истите можности како и обвинителството во предлагање докази?*

Во поглед на правото на пристап на одбраната до сите докази на обвинителството, нашите набљудувачи утврдиле дека во сите случаи, освен во еден случај, одбраната не се пожалила дека обвинителството направило какви било ограничувања во поглед на овозможување на пристапот до доказите. Станува збор за еден предмет пред Основен суд Скопје 1, Скопје во кој двајцата обвинети се обвинети за кривично дело "Насилство", а во кој што ОЈО одбивало да ги достави доказите на обвинетите, па наместо тоа оставило опција на обвинетите, истите да отидат во ОЈО и таму направат увид во доказите.Исто така во еден случај било нотирано и дека одбраната се пожалила дека нема доволно време за да се подготви во однос на предложените докази, што пак, не било земено предвид од страна на судот.

Во смисла на претходните податоци нашите набљудувачи утврдиле дека странките биле генерално подготвени за доказната постапка, па и согласно тоа биле и генерално успешни во презентирањето на случајот. Велиме генерално, бидејќи набљудувачите утврдиле дека во три случаи бранителите не ги застапувале соодветно или делумно ги застапувале интересите на одбраната, како и дека во исто толку (три) случаи не успеале да поентираат во вкрстеното испитување. Сепак, и покрај фактот дека се работи за релативно мала бројка на евидентирани случаи, но поради значењето на увидената состојба сметаме дека сам по себе се наметнува и заклучокот за потребата за зголемување на професионалните стандарди на бранителите и нивно одржување на високо професионално ниво, преку проактивна улога на Адвокатската комора на РМ.

### 5.2.6. Почитување на минималните права на одбраната

Во рамките на минималните права одбраната се вбројуваат правата за известување во најкраток рок за природата и причините за обвинувањето; правото за доволно време и можност за подготвување на одбраната; правото на обвинетото лице да се брани самото или со помош на професионален бранител;

правото самиот обвинет или со неговиот бранител да ги испитува сведоците; како и правото на бесплатна помош од преведувач.

Како елементарно право на обвинетото лице е правото да биде известено за природата и причините на обвинувањето, а како резултат на тоа и да му бидат објаснети неговите процесни права во случај на обвинување. Во поглед на известувањето за обвинението, набљудувачите заклучиле дека на разбирлив начин му било соопштено обвинението во 40 случаи, додека во три случаи обвинетото лице не знаело за што било обвинето.

Во поглед на начинот на известување, пак, набљудувачите во 43 случаи од 120 прашалници одговориле дали и на кој начин судот му ги објаснил правата на обвинетото лице. За жал согласно добиените податоци, може да констатираме дека се уште опстојува практиката кај судот на обвинетите лица само да им ги набројат нивните права без притоа да се впуштат во реално објаснување на суштината и на значењето на овие права(види графикон подолу).




*На кој начин правата му беа објаснети на обвинетиот?*

Од добиените податоци, овој начин на соопштување на правата на обивнетото лице е и најчестиот, односно дури 28 од вкупно 43 случаи. Сметаме дека, и покрај фактот дека најчесто во текот на главната расправа обвинетиот има бранител кој професионално ги заштитува неговите права и интереси, сметаме дека треба да се промени практиката кога судот само брзо му ги набројува правата на обвинетото лице, без притоа да се осигура дали ова лице навистина ги разбира и е способен и истите да ги ужива во текот на кривичната постапка. Дотолку повеќе што во определени случаи, познати во компаративното право[23], како и од прибраните податоци од нашите набљудувачи[24] е увидена практиката кога бранителот не до крај добро и

[23] Види: Alschuler A.W., The Defense Attorney's Role in Plea Bargaining, The Yale Law Journal, Vol. 84, No. 6., 1975, стр.1179-1314 или Baldwin J., Pre-Trial Justice, A Study of Case Settlement in Magistrate's Courts, Basil Blackwell Ltd. Oxford, 1985.
[24] Види ги забелешките во делот на еднаковст на оружјата.

професионално ја врши својата задача, што значи дека судот е единствениот и главниот чувар на правата на обвинетото лице.

Согласно ова, сметаме дека е потребно да се искорени ваквата практика на судот на само ”бегло” набројување на правата на обвинетото лице, како и за кратко и формално наведување на причините поради кое е обвинето пред судот, а наместо тоа да се воведе практиката на целосно, опсежно и разбирливо објаснување од страна на судот на обвинетото лице за што е доведено пред судот, за кое дело се товари, кои се неговите права и како може ефикасно истите да ги користи во текот на кривичната постапка.

Следниот графички приказ, во голема мерка ни ја доразјаснува улогата на судот при известувањето на обвинетото лице за неговите процедурални права.




*Поуки за правата*

Имено, очигледно е дека судот при набројувањето на правата не се води според некој однапред одреден или запишан шаблон, туку дека ги наведува правата согласно неговото убедување за тоа кое од овие права во конретниот случај е позначајно. Па така, најчесто обвинетите лица се советувани дека имаат право да изнесуваат докази во своја одбрана, додека најретко се информирани за правото дека имаат право на активна улога, преку поставување прашања, да учествуваат во текот на кривичната постапка. Притоа, повторно сметаме дека на овој начин се прави неумесен инженеринг во однос на загарантирантие права

на обвинетото лице од страна на судот, со цел да се влијае на некој начин врз текот на главната расправа и врз нејзината динамика, што во определени случаи и тоа како може да оди на штета на пресумпцијата на невиност на обвинетото лице. Во таа насока сметаме дека судот при иформирањето на правата на обвинетиот треба да го следи редоследот на овие права утврден во ЗКП и истите на обвинетото лице на разбирлив јазик подробно и поединчено да му ги објасни.

Интересен е и податокот дека обвинетото лице било исклучено од судењето дури во 4 случаи. Ова може да се толкува како резултат на неговото однесување во судот, но во секој случај сметаме дека е несоодветна практика, која во голема мерка може да влијае врз ефикасното уживање на правата на обвинетото лице во текот на кривичната постапка.

Во поглед на правото на бранител може да констатираме, разбирливо, дека на најголемиот број од набљудуваните рочишта 73, обвинетите имале бранител кој самиот си го одбрале, додека на 15 рочишта имале бранител по службена должност. Преостанатите случаи отпаѓаат на рочиштата на кои обвинетите немале бранител односно 32. Високиот број на набљудувани рочишта на кои обвинетиот немал бранител, согласно новиот начин на уредување на главната расправа, ја поттикнува сериозната дилема дали и во која мерка обвинетите може самостојно да се застапуваат, а особено во услови на висока специјалност при изведувањето на доказите преку воведените правила на директно и вкрстени испитување на сведоците и вештаците. Односно, колкав е квалитетот на главната расправа и дали воопшто интересите на правдата се заштитени во услови кога обвинетото лице се брани без бранител. Токму затоа сметаме дека се потребни определени законски корекции во насока на елиминирање на можноста на обвинетите лица да се самозастапуваат без присуство на бранител.

Во поглед на правото на бесплатната правна помош, повторно се актуелни забелешките од минатогодишниот извештај, според кои се наметнува обврската за судот за поголемо внимание при испитувањето на можностите за примена на правото на бесплатна правна помош. Притоа, сметаме дека се потребни определени системски законски промени, во поглед на воведување на непротивречно решение за бесплатна правна помош на лицата кои што имаат потреба од бранител, но немаат финансиски средства. Дотолку повеќе сметаме дека ова право не треба да биде сметано како апсолвирано или поистоветувано преку одредбите од ЗКП за задолжителна одбрана и постоењето на одбрана по службена должност во случаите кога е задолжителна одбраната, а обвинетото лице неам доволно средства за да ангажира бранител.

Преку графичкиот приказ подолу може да се забележи примената на правната поука по однос на правото на одбрана за сиромашни.




*Дали обвинетиот беше поучен за правото на одбрана за сиромашни?*

Анализирајќи ги податоците на набљудувачите во однос на квалитетот на дадените воведни говори, како и прашањата што бранителите ги поставувале во текот на директното и вкрстеното испитување, се доаѓа до заклучокот дека бранителите генерално биле на висината на задачата во поглед на заштитата на правата на нивните клиенти. Па така, од девет анализирани воведни говори, бранителите јасно ја презентирале теоријата на случајот во 7 случаи, додека во еден случај воопшто не биле јасни, додека во еден случај делумно успеале својата идеја разбирливо да ја презентираат пред судот.

Во поглед на ефикасноста на одбраната, задоволува фактот дека судот имал разбирање кон бранителите, па има оставал доволно време да ја подготват одбраната, факто што се темели врз податоците дека од сите набљудувани рочишта бранителите само на едно приговориле дека немале доволно време да ја подготват одбраната.

За поздравување е и фактот дека од сите евидентирани случаи, судот во ниту еден слуачај не им го ограничил правото на бранителите и на нивните клиенти да ги испитаат сведоците или вештаците, ниту пак, им го ограничил правото да предлагаат некои докази. Притоа, бројот на сведоци што најчесто го предлагале бранителите и нивните клиенти, согласно расположивите податоци од набљудувачите, се движел од еден во три случачи, двајца сведоци во четири случаи и тројца сведоци во три слуачи.

Конечно, во однос на анализата на минималните права на одбрана, од значење е прашањето дали судот го почитувал правото на преведувач и толкувач на обвинетото лице кое што не го разбирало македонскиот јазик. Согласно податоците на набљудувачите, потребата од преведувач била увидена во 8 случачи, пришто судот во овие случаи веднаш реагирал позитивно на тој начин што на обвинетото лице му определил толкувач. Притоа, набљудувачите не детектирале сомнеж во поглед на квалитетот на преводот. Разбирливо е дека нашите набљудувачи ова сомневање може да го утврдат само доколку

обвинетото лице или неговиот бранител реагираат на квалитетот на преводот даден од страна на преведувачот. Во услови на сомнеж за квалитетот на преводот, ја повторуваме препораката од минатогодишниот извештај за потребата од воведување на контролни механизми во ЗКП преку кои би се овозможило оспорување на преводот, согласно европската директивата за правото на преведувач.

### 5.2.7. Право на жалба

Конечно последниот елемент од начелото на фер постапка е јавното изрекување и објавување на пресудата, како и правото на жалба.

Во поглед на изрекувањето на пресудата, нашите набљудувачи од вкупно мониторирани 120 рочишта на 43 рочишта затекнале завршување на постапката од кои на 34 рочишта по завршувањето на постапката пресудата била јавно објавена и изречена, додека на 9 рочишта судот не ја објавил и не ја изрекол пресудата. Процентуално гледано, сепак, имајќи ги предвид видовите на кривичните дела за кои се воделе набљудуваните кривични постапки, не може да бидеме премногу задоволни во однос на фактот дека судот веднаш по завршувањето на главната расправа ја изрекол и ја објавил пресудата. Или со други зборови, кажано, во сите посложени предмети, судот не успеал веднаш да ја донесе и објави пресудата, односно скоро секогаш го користел правото за одлагање на јавното изрекување и објавување на пресудата, во смисла на членот 405 од ЗКП.




*Дали судот му ги објасни на обвинетиот условите за жалба*

Дотолку повеќе, во една третина од случаите судот воопшто не му го објаснил на обвинетиот неговото право и услови за поднесување на жалба(види графикон погоре). Притоа, овие податоци, се разбира, се добиени само од набљудуваните рочишта кога судот јавно ја донел и ја објавил пресудата по завршувањето на главната расправа. Во оваа насока, сметаме дека е нужно судот да внимавана оваа своја надлежност и при изрекувањето и објавувањето ан пресудата не би смеел да пропушти на обвинетото лице да му ги предочи и

последиците од пресудата, а особено начинот и условите за остварување на уставно загарантираното право на жалба.

## 5.3. ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР И ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО ГРАЃАНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Императив на Европската конвеција за човекови права е заштита на основните човекови права, а примената на чл.6 од истата во поглед на судењето во разумен рок претставува битен сегмент од овој сет на стандарди, како во кривичната, подеднакво и во граѓанската постапка. Доследна примена на принципите односно стандардите за фер и правично судење во граѓански постапки најчесто се забележува во поглед на пристапот до суд, односно пристап до правда на индивидуите, но и од разумното траење на постапката. Без оглед на фактот дали државата е на едната страна од постапката или пак се работи за индивидуи/физички или правни лица, државата преку својот "апарат"-судскиот систем има обврска да им ги овозможи, гарантира и во голема мера заштити правата на своите граѓани, како од материјална, така и од процесна природа.

Првиот проблем кој е битен за истакнување, а со кој се судрија набљудувачите во граќанските постапки е тоа што многу често, судењата или не се одржуваат во закажаните простории, термини и датуми или за истите нема објавено никакви податоци на огласните табли пред судовите, од кои би се утврдило времето и локацијата на одржување на рочиштата. Имено, набљудувачите од предметите П1.бр.68/15, П5.бр.35/15 и П5.бр.77/15 се судриле со овој проблем. Во предметот П1.бр.68/15, податоците кои се добиени како официјано известување од судот за место и време на одржување на рочиштето, не кореспондирале со фактичката состојба во суд, односно предметот не се наоѓал во таа судница, набљудувачот имал потешкотија да го лоцира, а кога конечно го лоцирал, дел од податоците за предметот не се совпаѓале со оние кои претходно му биле посочени. Во предметот пак П5.бр.77/15, набљудувачот исто така детектирал нетраспарентност во поглед на означување на предметот на конкретната судница, па кога се обратил до судскиот записничар за појаснување, му било одговорено дека предметот се одржал порано од закажаниот термин затоа што судската служба (тука би ги опфатиле и судиите и судските службеници од причина што немаме конкретен податок), морала да си замине порано од работа. Што се однесува пак до предметот П5.бр.35/15, при одржувањето на овој предмет, судот го одложил судењето без да извести односно повика во судкиот хол. Набљудувачот го добил податокот дека рочиштето е одложено по протек на извесно време и по негово барање на соодветна информација за предемтот.

Од вака добиените податоци и повеќе од јасно може да се изведе заклучокот дека судот е релативно нетранспарентен при одржување на расправите, со што на одредени учесници во постапката им се ускратува правото на пристап до суд.

Проблем кој исто така континуирано се појавува во граѓанските предмети е тоа што истите многу често се одлагаат поради неуредна достава на некоја од странките во постапката или пак на сведоци и вештаи во постапката. Па така, во 4 од следените предмети, предметите П4.бр.1342/15, П5.бр.85/15, П5.бр.5/16 и П1.р.908/15 детектирани се одлагања поради неуредна достава, со тоа што во еден од нив П5.бр.85/15, судот му предложил на тужителот (како странка која има интерес) преку неговиот адвокат, да се изврши посебна достава до тужениот преку нотар или извршител.

Во поглед на јавноста на судењата, од податоците добиени од страна на набљудувачите, доаѓаме до заклучок дека во голема мера јавноста е присутна на судењата, но постојат исклучоци во вкупно 3 предмета, каде јавноста е исклучена.




*Дали јавноста е исклучена од судењето?*

Во поглед на поширко определеното прашање за пристап до суд, односно комуницирање на јазик разбирлив за странките, што впрочем е предвидено и во Чл.6 ст.3- Припадник на заедница, кој како странка или друг учесник во постапката не го разбира и не го зборува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, има право на преведувач, Чл.93, а особено во Чл.96 од Законот за парнична постапка, кој предвидува странките и другите учесници во постапката граѓани на Република Македонија, чиј јазик не е македонскиот јазик и кирилското писмо, а не е ни службен јазик различен од македонскиот јазик и кирилското писмо, во постапката имаат право при учество на рочиштата и при усно преземање на други процесни дејствија пред судот да го употребуваат својот јазик. На тие странки и учесници во постапката ќе им се обезбеди усно преведување на нивниот јазик на тоа што се изнесува на

рочиштето, како и усно преведување на исправите кои се користат на рочиштето за докажување.

По извршениот мониторинг и обработка на податоците, доаѓаме до податок дека само на 2 расправи(видно од графичкиот приказ подолу), на некоја од странките на кој и било потребно, не и бил обезбеден преведувач, кој факт е неприфатлив ниту од аспект на пристап до суд, ниту пак од аспект на еднаквост на оружјата.




*Дали на странката и се обезбеди преведувач*

Од прибраните податоци утврдивме и степен на правна подготвеност на странките во постапката, па така , 29 странки во постапката имале свој правен застапник, 2 биле со полномошник, додека пак само 3 странки се појавиле сами во постапката(види графикон подолу).




*Дали странките имаа застапник?*

Во предметот П1.бр.38/16, набљудувачот констатирал дека судот при одржување на рочиште за овој предмет, ја идентификувал потребата дека странката(тужителот) не може сам да ги застапува своите интереси наведени во тужбата, па му сугерирал да си ангажира адвокат за следната расправа и при тоа го одложил рочиштето.

Еднаквиот третман на судот спрема странките во постапката е оценет како позитивен, при тоа ниту во еден од обработените прашалници/податоци, набљудувачите не посочуваат на недоследности во овој поглед.

Во поглед на ex parte комуникацијата, која често може да се сретне во кривичните постапки и во односнот помеѓу судот и јавното обвинителство, во граѓанските постапки тоа не е случај. Имено, набљудувачите извеле податоци во упатуваат дека на 26 од 35 одржани рочишта овој вид на комуникација не е идентификуван, а за останатите 9 нема забележано податок.




*Дали во текот на постапката имаше несоодветна ex parte комуникација помеѓу судијата и некоја од странките*

Законот за парнична постапка, во Чл.325 предвидува ”Кога пресудата се објавува, претседателот на советот, односно судијата поединец јавно ќе ја прочита изреката и накратко може да ги соопшти причините за пресудата.”. Ова се чини дека во нашите судови е најнеприменуваната одредба од овој закон. Во голема мера од закажаните објави, судот или истите не ги одржува јавно и ги соопштува формално во канцеларискиот дел, на било која од присутните странки или пак воопшто го одбегнува овој дел и судниците се најчесто затворени, но не се исклучени ни ситуации каде и самите судии упатуваат на тоа дека странките ќе ја добијат писмено изготвената пресуда по пошта.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 6.1. ЗАКЛУЧОЦИ

Од спорведениот мониторинг и добиените податоци, би можеле да заклучиме дека времетраењето на набљудувањето на судски постапки е прекратко како би можеле да изведеме јасни заклучоци по однос на генерална имплементација на сите стандарди за правично судење.

Неспорен е фактот дека набљудувачите при спорведуваениот мониторинг, постапките ги имаат "затечено" во различни фази, некои од нив на самиот почеток, некои во фаза на изведување на докази, а некои од нив и на крај, па оттука, континуитетот кој е потребен како би можело со сигурност да се утврди дека во една постапка од нејзиниот почеток па се до нејзиниот крај, доследно се почитуваат овие стандарди, го нема. Меѓутоа, од друга страна пак, би можеле да навлеземе подетално, во зависност од тоа во која фаза се наоѓала постапката, да оцениме дали тој принцип односно право од стандардите е почитуван.

Врз основа на податоците несомнено можеме да изведеме заклучок дека судовите генерално непристрасно и професионално си ја обавувале својата функција, со оглед да не е евидентирано во предметите дека е побарано иземање на судија токму поради овој основ.

Кога станува збор за правото на судење во разумен рок, врз основа на добиените податоци би можеле да заклучиме дека, процесот на мониторинг бил прекраток за да се утврди долгото траење на постапките, ова особено ако се земе во предвид фактот дека во просек една постапка пред кривичниот суд трае околу 6 месеци, додека пак во граѓанските околу 1година. Од друга страна, отсуствуваат статистички податоци по однос на барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, кои се поднесуваат до Врховниот суд на РМ, како би можеле од нив да утврдиме, колку често е ова право повредувано, како овој механизам функционира по однос на определување на надоместот на нематеријална штета за повреда на ова право и сл.

Во делот од стандардите кои упатуваат на принципот на "еднаквост на оружјата", набљудувачите не наишле на околности кои би упатиле на неприменување на овој принцип, напротив во делот на кривичните постапки во голема мера е утврдено почитување на овој принцип, особено во делот на еднакви можности за предлагање на докази на двете страи во постапката. Единствено што би можело да се детектира како специфично е тоа што проблематично е пронаоѓањето и обезбедувањето на доказите во пораната фаза од кривичната постапка, т.е. во фазата на истрагата, па поврзано со тоа и

понатаму во текот на главаната расправа се јавува ефектот кога определени предложени докази не би можеле воопшто да се пронајдат или изведат пред судот.

Јавноста на судењето претставува една од значајните гаранции за фер постапувањето на судот. Преку јавноста на судските постапки се генерира заклучокот за судската ефикасност и за неговата перцепција како еднаков заштитник на правата на субјектите во кривичните постапки што се водат пред тој суд. Во зависност од тоа како би се разгледал како принцип, би дошле до двојни и спротивставени становишта. Имено, доколку под јавност подразбираме затвореност на судењата од аспект на физичка рестрикција на лица кои не се директно засегнати со постапките, освен на судења каде поради законски причини е утврдено дека истата е исклучена, би можеле да заклучиме дека на јавноста во значително голема мера и е овозможен пристап до судењата. Но, доколку јавноста ја идентификуваме преку параметрите на транспарентност на податоците од кои што јавноста ги црпи своите сознанија за одередени судси постапки, би можеле да детектираме недоследности. Ова особено од аспект на некореспондирање на податоците кои се јавно објавувани на веб страната на судот или оние кои официјално сме ги добиле, со ситуацијата на лице место, но и од аспект на апсолутна нетраспарентност на податоците за време и место на одржување на судењата, кои би требало да бидат транспарентно објавени до самите судници. Од спроведениот мониторинг може да се евидентира отуство на јавноста во 2 кривични постапки, кое  е евидентирано дека е спортивно на одредбите на ЗКП и 3 исклучувања во граѓанските постапки, што претставува низок порцент од 5% на ниво на вкупниот број мониторирани предмети.

Во 4 од мониторираните случаи, набљудувачите констатирале дека обвинетото лице било исклучено од судењето, со што истите заклучиле дека се работи за кршење на неговата пресумпција на невиност. Во дополнителен друг случај набљудувачите утврдиле дека судот го оценил на штета на обвинетото лице неговото право да се брани со молчење. Сепак, согласно бројот на набљудуваните случаи сметаме дека се работи за исклучоци, кои во глобала не го нарушуваат впечатокот дека судот генерално го почитува правото на пресумпција на невиност на обвинетите.

Кога станува збор за права на обвинети, од добиените податоци може да се констатира дека судот многу често само ги набројува правата на обвинетото лице, без притоа да се осигура дали ова лице навистина ги разбира и е способен истите и да ги ужива во текот на кривичната постапка. Согласно, оваа констатација на мислење сме дека е неопходно искоренување на оваа лоша пракса на судот, со тоа би се вовела практиката на целосно, опсежно и разбирливо објаснување од страна на судот на обвинетото лице за што е доведено пред судот. Во поглед на присуство на бранители во кривичните

постапки, податоците упатуваат на тоа дека одреден процен од обвинетите немале бранител односно 32 обвинети лица, што само ја става под знак прашалник можноста овие лица самостојно да дојдат до утврдување на вистината односно да се изборат правда. Што се однесува пак на правото на бесплатната правна помош, повторно се актуелни забелешките од минатогодишниот извештај, според кои се наметнува обврската за судот за поголемо внимание при испитувањето на можностите за примена на правото на бесплатна правна помош. Уште еден сегмент кој што е опфатен во делот на права на обвинетите, претставува правото на преведувач во постапките. За оваа проблематика предвидени се законски решенија како во ЗКП (за обвинетите и странките во постапката), така и во ЗПП (за странките во постапката), меѓутоа, и покрај предвидените заонски одредби, податоците кои се обработени упатуваат на апсолутна примена на ова право во кривичните постапки, но не и во граѓанските.

Право на жалба, односно на јавно објавување на пресудата и користење на правото на жалба, би можеле да утврдиме дека истото не се применува во потполност ни во двата суда (кривичниот и граќанскиот). Во кривичниот суд располагаме со висок процент од 20% од мониторираните предмети, во кои не е јавно објавена пресудата, додека пак во граѓанските постапки, со оглед да и самите судења траат подолго, па набљудувачите немаа прилика да ги следат од почеток до крај судењата, мал е и процентот на евидентирани завршени предмети како би можеле да извадиме релевантен податок за процентот на необјавени пресуди. Додека пак кога станува збор за поучување на правото на жалба, повторно оваа констатција и заклучок би се однесувал на кривиччните предмети, се соочуваме со висок процент од 34% на штета на обвинетите во постапките. Притоа, овие податоци, се разбира, се добиени само од набљудуваните рочишта кога судот јавно ја донел и ја објавил пресудата по завршувањето на главната расправа.

## 6.2. ПРЕПОРАКИ

- Постоење на минимум предуслови за остварување на судската независност и непристраснст согласно утврдените меѓународни стандарди за фер и правично судење.
- Набљудувањето на судските постапки да ги опфаќа сите фази на постапките, како би можело да се изведе реална оцена за правилна и целосна имплементација на стандардите за правично судење.
- Зголемување на јавноста и транспарентноста на судовите преку јавно објавување на времето и местото на рочиштата, како на веб страната на судовите, така и во рамките на судските згради.

- ❖ Подобрување на системот на достава до сведоците и странките во постапките и воведување на ефикасен систем за електронска достава до стручните лица сведоци во постапките-вештаците, истражители, консултанти и сл., како и активно вклучување на Министерството за внатрешни работи во обезбедувањето на потребните лични податоци .
- ❖ Унапредување и координација помеѓу државните органи и подобрување на АКМИС системот, со цел отстранување на детектираните проблеми, како и реално алоцирање на буџетски средства за нормално функционирање на судовите.
- ❖ Доследна примена на одредбите на Законот за кривична постапка кои се однесуваат на поуките за бесплатна правна помош и правото на жалба на обвинетите.
- ❖ Доследна примена на одредбите на Законот за кривична постапка и Законот за парнична постапка кои се однесуваат на јавно изрекување и објавување на пресудите.

# 7. АНЕКСИ

## 7.1. Набљудувани предмети во Основен Суд Скопје I - Скопје

| Кривично дело за кое се обвинува. | Референтен број | Број на рочишта |
|---|---|---|
| 123 Убиство | 2454/15 | 4 |
| **Вкупно** | | **4** |
| 130 Телесна повреда | 1180/16 | 1 |
| | 2609/15 | 1 |
| | 3341/15 | 2 |
| | 976/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **5** |
| 131 Тешка телесна повреда | 1947/16 | 1 |
| | 609/16 | 3 |
| | 814/16 | 2 |
| **Вкупно** | | **6** |
| 157 Повреда на авторско право и сродни права | 271/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **1** |
| 202 Неплаќање издршка | 1147/16 | 1 |
| | 3164/15 | 1 |
| | 3723/15 | 1 |
| **Вкупно** | | **3** |
| 215 Неовластено производство и пуштање во промет НД, ПС и прекусори | 128/15 | 3 |
| | 2022/16 | 1 |
| | 3056/15 | 2 |
| | 907/16 | 4 |
| | 966/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **11** |
| 216 Овозможување на употреба наркотични droги | 1181/16 | 1 |
| | 1832/16 | 1 |
| | 599/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **3** |
| 235 Кражба | 2569/15 | 2 |
| | 3471/14 | 1 |
| | 365/16 | 2 |
| **Вкупно** | | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| 236 Тешка кражба | 1215/16 | 2 |
| | 1524/16 | 1 |
| | 19/16 | 3 |
| | 2079/16 | 1 |
| | 2147/15 | 1 |
| | 2689/15 | 1 |
| | 2962/15 | 1 |
| | 3362/15 | 1 |
| | 3362/16 | 1 |
| | 393/16 | 1 |
| | 486/16 | 1 |
| | 525/16 | 1 |
| | 526/16 | 1 |
| | 59/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **17** |
| 237 Разбојништво | 1003/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **1** |
| 239 Затајување | 933/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **1** |
| 242 Одземање на моторно возило | 1001/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **1** |
| 247 Измама | 1061/16 | 1 |
| | 163/16 | 1 |
| | 1640/16 | 1 |
| | 2047/15 | 2 |
| | 2267/15 | 2 |
| | 437/16 | 2 |
| | 68/16 | 2 |
| **Вкупно** | | **11** |
| 249 Измама при добивање кредит или друга погодност | 679/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **1** |
| 252 Злоупотреба на довербата | 553/16 | 2 |
| **Вкупно** | | **2** |
| 297 Загрозување на безбедноста во сообраќајот | 324/16 | 1 |
| | 987/16 | 1 |
| **Вкупно** | | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| 300 Тешки дела против безбедноста на луѓе и имот во сообраќајот | 1579/15 | 1 |
| | 212/16 | 3 |
| | 8146/16 | 1 |
| Вкупно | | 5 |
| 313 Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста | 127/15 | 1 |
| Вкупно | | 1 |
| 378 Фалсификување исправа | 290/15 | 1 |
| Вкупно | | 1 |
| 383 Напад на службено лице при вршење на безбедност | 2150/16 | 1 |
| Вкупно | | 1 |
| 385 Учество во толпа што ќе изврши кривично дело | 1271/16 | 2 |
| | 1526/16 | 3 |
| | 986/16 | 6 |
| Вкупно | | 11 |
| 386 Насилство | 1564/16 | 1 |
| | 52/16 | 2 |
| Вкупно | | 3 |
| 394 Злосторничко здружување | 3/16 | 2 |
| Вкупно | | 2 |
| 396 Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи | 1610/15 | 3 |
| Вкупно | | 3 |
| 235-а Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас | 1384/16 | 1 |
| | 1481/16 | 1 |
| | 3454/16 | 1 |
| | 3638/15 | 1 |
| | 955/16 | 1 |
| Вкупно | | 5 |
| 284-а Вршење на јавен превоз без поседување лиценца | 1842/16 | 1 |
| Вкупно | | 1 |
| 418-б Криумчарење на мигранти | 25/16 | 2 |
| Вкупно | | 2 |
| 418-а Трговија со луѓе | 22/16 | 3 |
| | 25/16 | 1 |
| | 37/16 | 3 |
| | 79/15 | 2 |
| Вкупно | | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 418-г Трговија со дете | 22/16 | 1 |
| | 79/15 | 1 |
| Вкупно | | 2 |

## 7.2. Набљудувани предмети во Основен Суд Скопје II - Скопје

| Основ на предметот | Референтен број | Број на рочишта |
|---|---|---|
| Сопственост | 170/16 | 1 |
| | 229/15 | 1 |
| | 264/16 | 1 |
| | 348/16 | 1 |
| | 38/15 | 1 |
| | 38/16 | 1 |
| | 561/15 | 1 |
| | 68/15 | 1 |
| | 748/15 | 4 |
| | 77/15 | 1 |
| | 908/15 | 1 |
| Вкупно | | 14 |
| Дискриминација | 1047/15 | 2 |
| | 1342/15 | 2 |
| Вкупно | | 4 |
| Клевета и навреда | 12/16 | 1 |
| | 13/16 | 2 |
| | 15/16 | 2 |
| | 25/15 | 2 |
| | 25/16 | 2 |
| | 34/15 | 2 |
| | 35/15 | 1 |
| | 46/15 | 1 |
| | 5/16 | 2 |
| | 85/15 | 2 |
| Вкупно | | 17 |

# 8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


- Legal Digest of International Fair Trial Rights - OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR)
- Николовска Цаца Маргарита- Анализа на независноста на судството во Р.Македонија-перцепција,потешкотии и предизвици , Скопје август 2013
- Guide on Article 6 of the Convention – Right to a fair trial (civil limb)- European Court of Human Rights
- Годишен извештај за работата на Владиниот агент и анализа на предметите и постапките пред ЕСЧП 2015г., Скопје март 2016
- Збирка на пресуди на ЕСЧП и Решенија на Врховен суд на РМ, Министерство за правда
- Независност на судството, правна анализа ОБСЕ, декември 2009
- Калајџиев Гордан и др.- Судска ефикасност во справување со организираниот криминал и корупцијата, Коалиција Сите за правично судење, Скопје 2013
- Иванова Бојаџиевска М. и Богдановска А- Имплементација на стандардите за фер и правично судење, Коалиција Сите за правично судење, Скопје 2016
- Бужаровска Г., Калајџиев Г., Мисоски Б., Илиќ Д., Казнено процесно право (учебно помагало), Скопје 2015 г.
- Годишен извештај од набљудуваните рочишта пред Основен суд Скопје 1, Скопје, Коалиција сите за фер судење, 2016 г.;
- Бужаровска Г., Андреевска С., Тумановски А., Примена на мерката притвор според законот за кривичната постапка од 2010 година правна анализа, ОБСЕ, Скопје 2015.
- Saltzburg S.A., Capra D.J., American Criminal Procedure, Cases and Commentary, 6-th Ed. St. Paul Minn, 2000.
- Мисоски Б., Илиќ Д., Новите европски тенденции за признанието на обвинетиот во постапката за спогодување низ одредбите од Законот за кривичната постапка на Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, 2016 г
- Alschuler A.W., The Defense Attorney's Role in Plea Bargaining, The Yale Law Journal, Vol. 84, No. 6., 1975, стр.1179-1314 или Baldwin J., Pre-Trial Justice, A Study of Case Settlement in Magistrate’s Courts, Basil Blackwell Ltd. Oxford, 1985.

# 9. МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ ДОКУМЕНТИ И СТАНДАРДИ

- Универзална декларација за човекови права
- Меѓународен пакт за граѓански и политички права
- Повелбата на основните права на ЕУ
- Европска конвенција за човекови права и слободи
- Устав на Р.Македонија
- Закон за судови
- Закон за кривична постапка
- Закон за парнична постапка

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk